РЕАКТОР
истражување во акција

Општина Тетово

# Жените во македонската економија

Проектот е финансиран од Европска унија и Фондацијата Институт отворено општество - Македонија

Проектот е имплементиран од „РЕАКТОР - истражување во акција“ во соработка со МЦЕО - Македонскиот центар за европско образование

# Жените во македонската економија

# Резултати од истражувањето на перцепциите за родовата еднаквост во општина Тетово

**Скопје, 2010**

Издавач: Здружение на граѓани РЕАКТОР – Истражување во акција

Тираж: 100

Датум: Скопје, декември 2010

CIP: Каталогизација на публикација

Национална и Универзитетска Библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје

342.722.(497.742)*2010*(047.31)

Резултати од истражувањето на перцепциите за родова еднаквост во
Општина Тетово: жените во македонската економија – Скопје
Здружение на граѓани Реактор, 2011, 23 стр. : табела; 21 см

Насловна страна на припечатениот текст: Rezultatet e hulumtimit të qëndrimeve për barazinë gjinore në komunën e Tetovës – Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки – текст на мак. и алб. јазик
Фусноти кон текстот

ISBN: 978 – 606 – 65246 – 3 – 0

а) Родова еднаквост – Тетово (општина) – Истражувања

COBISS.MK-ID 86451210

Овој извештај е резултат од проектот Жените во економијата, финансиски поддржан од страна на Европската унија преку Инструментот за унапредување на демократијата и човековите права. За содржината на овој документ целосно е одговорен Реактор и не ги рефлектира позициите на Европската унија.

## Содржина:


**Предговор** ........................................ 6

**Демографија на примерокот** ........................................ 7

**Профил на жената од Тетово** ........................................ 7

**Перцепции за родовата еднаквост** ........................................ 9

Познавањето на своите права ........................................ 10

**Родовата еднаквост на работа** ........................................ 12

Жените и работата ........................................ 13

Улогата на родот во вработувањето ........................................ 14

Родовата еднаквост на раководните позиции ........................................ 15

Влијанието на домашните одговорности на жената ........................................ 16

Квалификации на жените ........................................ 18

Балансирање меѓу работата, приватниот и семејниот живот ........................................ 19

**Мерки за зголемување на вработеноста на жената** ........................................ 22

**Родовата еднаквост во иднина** ........................................ 22

# Предговор

Во овој извештај ги анализираме податоците од истражувањето спроведено во општина Тетово кое имаше за цел да ја измери перцепцијата за родовата еднаквост кај жените во Тетово во 2010, како и нивните перцепции за дискриминацијата на жената  на пазарот на труд. Истражувањето беше дел од проектот „Жените во македонската економија“ кој Реактор го спроведе во текот на 2010 година во четири општини: Тетово, Карпош, Струмица и Шуто Оризари. Проектот беше финансиски поддржан од страна на Европската комисија преку Инструментот за унапредување на демократијата и човековите права (European Instrument for Democracy and Human Rights – EIDHR) и Фондацијата Институт отворено општество – Македонија.

Извештајот ги презентира наодите во четири главни дела:

I. **Перцепции за родовата еднаквост**
Првиот дел од извештајот се обидува да ги оцени моменталните погледи на жените за постоење на родова нееднаквост, како и оценките за сопственото познавање на личните права .

II. **Родовата еднаквост на работа**
Вториот дел се осврнува на различни аспекти од животот кои можат да имаат влијание врз родовата еднаквост.

III. **Мерки за зголемување на вработеноста на жените**
Третиот дел е фокусиран на улогата која Република Македонија треба да ја преземе за да се зголеми родовата рамноправност преку избор на соодветни активни мерки.

IV. **Родовата еднаквост во иднина**
Четвртиот дел дава преглед на очекувањата на испитаничките за иднината на родовата еднаквост.

Извештајот ги разгледува одговорите на испитаничките од општина Тетово и истите ги споредува со резултатите од националната студија и со оние од Европската унија[1]. Дополнително, податоците се анализирани и за да се утврдат евентуалните разлики меѓу испитаничките кои живеат во урбаниот и во руралните делови на општината. Исто така разгледани се и разликите според други социодемографски фактори, како возраст, степен на образование, социјален статус итн.

Податоците за истражувањето беа собрани по пат на теренското истражување во период од 23 јуни до 23 јули 2010, односно беа спроведени структурирани интервјуа од врата до врата во рандомизирани домаќинства. Теренското истражување беше спроведено и координирано од страна на РЕАКТОР – Истражување во акција во соработка со Форум на Албанската жена.

Пристап до целосната дата база на истражувањето, како и копија од прашалникот е достапен по барање. Ве молиме вашите барања да ги упатите на е-пошта: info@reactor.org.mk или адреса: ул. „Апостол Гусларот“ бр.40, 1000 Скопје. Извештајот е достапен во електронска форма и на веб страната на Реактор: http://www.reactor.org.mk

*Би сакале да ја искористиме оваа прилика и да им се заблагодариме на испитаничките од општина Тетово кои одвоија од своето време за да учествуваат во ова истражување. Без нивно активно и искрено учество, оваа студија немаше да биде возможна.*

---

[1] Special Eurobarometer, Gender equality in the EU in 2009, февруари 2010, достапен на: http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/ebs/ebs_326_en.pdf

# Демографија на примерокот

Податоците од општина Тетово се базираат на примерок од 400 жени, на возраст од 15 до 65 години, каде 59 т.е 14,8% се на возраст од 15 до 25 години, 113 или 28,3% се на возраст од 26 до 35 години, 119 или 29,8% се на возраст од 36 до 45, 75 или 18,8% се на возраст од 46 до 55 години и 34 или 8,5% од 56 до 65 години . **Просечна возраст е 38,4 години.**

257 или **64,3% од нив живеат во урбаниот дел од општината** и 143 или 35,8%во околните села.

Од нив 352 или **88% се Албанки**, 28 или 7% се Македонки, 15 или 3,8% Турчинки, 3 или 0,8% Ромки и по една Влаинка и Босанка.

Образовната структура на примерокот е следна: 153 или **38,3% со основно образование**, 142 или 35,5% со средно образование, 87 или 21,8% дипломирани, 17 или 4,3% магистри и една докторка на науки.

Статусот на пазарот на труд на нашите испитанички од општина Тетово е следен: 74 или 18,5% работат и се пријавени, 88 или 22% работат непријавени, 238, односно **59,5% не работат.** Загрижувачки е податокот што повеќето од половината имаат проблеми со редовното плаќање на сметки, најмалку од време на време. Поточно, 115 или 28,8% имаат проблеми секој месец, **199 или 49,8% имаат проблеми од време на време** и 86 или само 21,5% никогаш немаат проблеми со плаќање на сметки.

Што се однесува до домашната состојба, од нашите испитанички 57 т.е 14,3% се слободни, 43 или 10,8% во врска, 287 или **71,8 % во брак**, 7 или 1,8% се разведени и 6 т.е 1,5 % се вдовици; 118 или 29,5% немаат деца, 57 или 14,3% имаат 1 дете, **120 или 30% имаат 2 деца**, 88 или 22% се со 3 деца, 16 или 4% се со 4 деца, а една испитаничка е мајка на 8 деца. Просечниот број на деца е 1,58.

# Профил на жената од Тетово

Просечната испитаничка од општина Тетово од нашето истражување е 38 годишна Албанка. Таа е невработена жена која од време на време има проблеми со редовно плаќање на сметките и која би работела за 12.800 денари месечно. Има завршено основно образование и живее во брак со две деца во урбаниот дел на општината.

## Ставови за позицијата на жената на пазарот на труд и односите во домаќинството

Нашата испитаничка од општина Тетово може да се каже дека има амбивалентен став кога станува збор за загрозеноста на жената на пазарот на труд. Таа смета дека на жените им е еднакво тешко да најдат работа колку и на мажите или нешто малку полесно и ниту се согласува ниту не се согласува со ставот дека нема доволно работни места за жените. Сепак, за неа не е прифатливо што има помалку вработени жени од мажи, односно таа во потполност се согласува дека тоа е проблем.

Нашата испитаничка ниту се согласува ниту не се согласува и со ставот дека жените кои не работат **се изолирани од светот**, но смета дека жената **мора да има свои лични примања** и воопшто не се согласува дека е нормално жените да бидат **помалку образовани од мажите или** дека **е нормално мажите помалку да учествуваат во домашните обрски.**

Таа смета дека **мајките треба да ја ставаат грижата за своите деца пред своите кариери, но ниту се согласува ниту не се согласува кога станува збор за татковците. Таа сепак смета** дека **мажите што не работат треба да се грижат за децата и домаќинстовто**, но повторно е неодлучна (ниту се согласува ниту не се согласува) **кога станува збор за тоа дали се исплати мајката да работи ако во семејството има деца и постари членови за кои некој треба да се грижи**.

## Приоритетна мерка за подобрување на позицијата на жената на пазарот на труд

Нашата просечна испитаничка од општина Тетово смета дека зголемувањето на бројот на градинки и пензионерски центри, како и други слични институции за грижа на деца и стари заедно со унапредувањето на пристапот на жените до сектори во кои не се застапени се најважни мерки кои треба да се превземат за да се зголеми бројот на вработени жени.

## За неповолната ситуација на жената од општина Тетово на пазарот за труд во Македонија

Нашата просечна испитаничка делумно не се согласува со ставот дека **жените се помалку заинтересирани да бидат на одговорни и раководни функции** и воопшто не се согласува дека тие не ги **поседуваат потребните квалитети и квалификации да заземат одговорни позиции**. Таа нема изграден став за тоа дали **во бизнис секторот доминираат мажи кои немаат доволно доверба во жените**, а делумно се согласува дека **жените имаат помала слобода поради семејните обрски и грижата за домаќинството**. Таа е повторно неодлучна за прашањето дали **жените се помалку заинтересирани од мажите да се борат да изградат своја кариера**.

## Поглед на иднината и веројатноста за промена на состојбата на жената за 20 години

Нашата испитаничка од општина Тетово верува дека за 20 години мажите и жените најверојатно ќе заработуваат еднакво и дека мажите повеќе ќе се грижат околу домашните оврски. Со помала сигурност верува дека жените ќе бидат повеќе застапени во централната и локална власт и дека ќе се зголеми бројот на жени на раководни позиции. Неодлучна е кога станува збор за веројатноста да имаме жена премиер или претседател.

## Запознаеност со правата на жените

Нашата испитаничка смета дека воопшто не е запознаена со правата кои ја штитат од полова дискриминација, како и за правото за еднаква плата за мажи и жени. Малку е позапознаена со правото за заштита на бремени работнички, а делумно е запознаена со правата за еднаков пристап до образование за мажи и жени и со правото за породилно отсуство.

## Ставови за состојбата на пазарот на труд / преферирaн сектор

Нашата испитаничка од Тетово во идеални услови, кога би можела да избира, би сакала да работи во бизнис секторот. Таа нема изградено став по прашањето за еднаквоста на можностите меѓу мажите и жените.

# Наоди од истражувањето

## Перцепции за родовата еднаквост

*Жените од Тетово немаат изграден став за тоа дали се дискриминирани*

Со цел да се измерат ставовите на жената од општина Тетово кога станува збор за родова нееднаквост, испитаничките беа прашани дали сметаат дека во животот имаат добиено исти можности за успех како и мажите. Бидејќи сакавме да се ослободиме од евентуалната наведувачка природа на ставот и тенденциите за согласување на испитаничките, прашањето беше формулирано на два начина. Така, 224 или 56% од вкупниот примерок беа прашани дали се согласуваат со изјавата „*Можностите за успех се исти и за мажите и за жените*“, а останатите 176 или 44% одговараа дали се согласуваат со ставот „*Мажите секогаш имале повеќе можности за успех*“. За жал, од одговорите се утврди дека жените во Тетово немаат целосно изграден став за тоа дали се дискриминирани бидејќи иако има разлика во одговорите во зависност од тоа како е формулирано прашањето, мнозинството Тетовчанки се согласуваат и дека можностите се исти и дека мажите имале повеќе можности во зависност од тоа како е поставено прашањето.

| Мажите и жените имаат еднакви можности | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **21,4%** | **24,1%** | **19,2%** | **23,2%** | **12,1%** |
| **Мажите имале повеќе можности** | | | | |
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **19,3%** | **31,3%** | **34,1%** | **6,3%** | **9,1%** |

Околу половина од испитаничките (45.5% со ставот можностите се исти, 50.6% со ставот мажите имале повеќе можности) се согласуваат со прашањето, оддавајќи ја повеќе својата тенденција на согласување отколку изјаснување на сопствен изграден став. Се работи за големи, случајно избрани примероци од по околу 200 испитанички кои во никој случај на две толку различни формулации неможат случајно систематски да се разликуваат во ставовите.

Сепак, некоја тенденција на постојна свест барем кај дел од населението се надѕира во процентот на испитанички кои не се согласуваат дека можностите се исти: 35.3% наспроти само 15.4% од испитаничките кои не се согласуваат дека мажите секогаш имале повеќе можности. Исто така интересно е дека процентот на воздржани испитанички е далеку поголем кога испитаничките одговараат на второто прашање, со што оддаваат поголема инхибиција да се изјаснат со ставот кој е наведувачки во споредба со ставот кој е неутрален.

Социо-демографската анализа покажа сепак некоја конзистентност во одговорите. На пример, со ставот можностите се исти, образованите испитанички значајно повеќе се согласуваат од понеобразуваните; кога прашањето е дали мажите имаат повеќе можности, одговорите се обратни: посогласни понеобразованите.

Иако се малку на број, Македонките повеќе се согласуваат дека можностите се исти, а огромна разлика има и во одговорите на испитаничките од руралните средини (кои не се согласуваат дека

можностите се исти) за разлика од испитаничките од градот Тетово, кои тежнеат да се согласуваат.

Со ставот мажите секогаш имале повеќе можности, освен понеобразуваните, повеќе се согласуваат и постарите (постари од 45 години), оние со повеќе деца, но не и на пример, вработените или оние со поголема финансиска моќ. Разликите овде не се значајни ни во зависност од местото на живеење.

## Познавањето на своите права

*Повеќето жени во општина Тетово сметаат дека не си ги познаваат сопствените права, а ова е особено точно за понеобразованите, посиромашните, постарите, оние со повеќе деца како и невработените и оние кои живеат во руралните средини*

Овој дел од прашалникот се обиде да измери колку жените сметаат дека ги познаваат правата што гарантираат родова еднаквост. Прашањата гласеа „*До кој степен сте запознаени со правата на жената во следниве области*“:

### *„Полова дискриминација“*

Во Тетово цели 73,6% од жените сметаат дека малку односно воопшто не се запознаени со правата што ги штитат од полова дискриминација. Само 15,8% сметаат дека имаат добро познавање на своите права, резултати кои се најслаби на ниво на Македонија, односно Тетовчанки се декларираат како помалку запознаени во споредба со сите останати општини.

| Полова дискриминација | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **7,5%** | **8,3%** | **10,8%** | **23,3%** | **50,3%** |

Социо-демографската анализа утврди разлики во одговорите по голем број на индикатори. Така, најбогатите се разликуваат во одговорите од другите две групи со тоа што тие сметаат дека повеќе ги познаваат своите права.

И постарите (над 45 години) се разликуваат од помладите испитанички (помлади од 35 години), со тоа што се изјасниле дека помалку си ги познаваат правата.

Разлики има и по статусот на пазарот на труд, вработените и пријавени жени посигурни споредено со нивните невработени и вработени, но непријавени сограѓанки.

Фактор во познавањето играше и бројот на деца, испитаничките со повеќе од 4 деца значајно се разликуваат од оние без деца (кои пријавиле најголемо познавање). Ова е можеби така поради тоа што младата генерација е значајно пообразована, а образованието е еден од најголемите фактори во разликите на испитаничките во запознаеноста на своите права. Колку е пониско образованието, толку е поголема незапознаеноста со правата од оваа област.

Разлики во знаењето имаше и по однос на местото на живеење, со тоа што жените од руралните средини се декларираат како значајно познезапознаени со правата од жените од урбаните средини.

## *„Еднаква плата за мажи и жени“*

Сликата е слична и во областа на правото за еднаква плата за мажи и жени. Така, 62,8% од Тетовчанки сметаат дека воопшто не се запознаени или малку се запознаени со правото на еднаква плата за мажите и жените, 12,2% се делумно запознаени и 25% сметаат дека добро си ги познаваат своите права.

| Еднаква плата за мажи и жени | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **16%** | **9%** | **12,2%** | **22,8%** | **40%** |

Социо-демографската анализа повторно утврди разлики по речиси сите индикатори. Оние со повеќе од 4 деца се понезапознаени од оние без деца, младите до 35 години се позапознаени од постарите односно од оние над 45 години, финансиски постабилните се позапознаени од оние кои имаат проблеми со плаќање сметки, вработените и пријавени жени се позапознаени и од невработените и од непријавените, и повторно запознаеноста расте паралелно со степенот на образование. Иако во мал број (затоа овие резултати треба внимателно да се интерпретираат), сепак Македонките и Турчинките се декларираат како позапознаени со правото за еднаква плата од Албанките, а и местото на живеење повторно игра улога во одговорите на испитаничките како и во претходното прашање.

Важно е да се напомене дека повеќето од овие индикатори се испреплетени меѓу себе: најобразованите спаѓаат во најмладата група, во просек сè уште немаат деца и почесто живеат во град, така што ако се контролира степенот на образование (кој е најголем индикатор во начинот на одговарање), сите други индикатори го губат своето значење.

## *„Заштита на бремени работнички“*

Малку подобра ситуација имаме кај правата за заштита на бремените работнички, каде бројот на оние што не се запознаени се намалува, а на оние што се запознаени расте, меѓутоа сепак високи 42,1% се декларираат како незапознаени со правата од оваа област. Точно една четвртина се изјасниле како делумно запознаени, а една третина како добро односно многу добро запознаени.

| Заштита на бремени работнички | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **19,5%** | **13,5%** | **25%** | **15,8%** | **26,3%** |

Социо-демографската анализа го потврди трендот на постоење на разлики помеѓу пообразованите и помалку образованите, па така оние со завршено основно образование се разликуваат од останатите испитанички со тоа што тие се изјаснуваат како помалку запознаени. Пријавените вработени жени повторно позапознаени од останатите две групи, а овојпат интересно е дека невработените се изјасниле како позапознаени со ова право од вработените, но непријавени жени. Разлики меѓу помладите и постарите испитанички повторно видливи, групата над и групата под 45 години се со различно ниво на запознаеност. Жените од руралните средини, жените со повеќе од 4 деца и посиромашните и овде се јавуваат како инфериорни во познавањето на своите правата.

### *„Породилно отсуство“*

За првпат по правото за породилно отсуство Тетовчанки се изјаснуваат како повеќе запознаени отколку незапознаени. Процентот на незапознаени е паднат на 29,3%, една третина (32,5%) се изјаснуваат како делумно запознаени, а 38,3% како добро односно многу добро запознаени. Ова е право со кое испитаничките од Тетово сметаат дека се најзапознаени.

| Породилно отсуство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **19,8%** | **18,5%** | **32,5%** | **21,3%** | **8%** |

Социо-демографската анализа покажа дека како резултат на зголемената запознаеност на испитаничките со ова право ги снема разликите по возраст и етничка припадност, додека сите останати разлики меѓу испитаничките остануваат исти како и кај претходните прашања за познавањето на правата: помалку образованите, оние со повеќе од четири деца, невработените и непријавените испитанички, посиромашните и оние од руралните средини заостануваат во познавањето на правата за породилно отсутво.

### *„Еднаков пристап до образование за мажи и жени“*

Трендот на одговори останува сличен како со правото за породилно отсуство, 30,3% незапознаени, 32% делумно запознаени, 37,8% добро запознаени.

| Еднаков пристап до образование за мажи и жени | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **21%** | **16,8%** | **32%** | **19,3%** | **11%** |

Социо-демографската анализа ги потврдува разликите како во претходното прашање.

## Родовата еднаквост на работа

### *Економската вклученост на жените во Тетово*

### *Жените од Тетово немаат изграден став за тоа дали на жените им е потешко да најдат работа*

Имајќи предвид дека истражувањето се спроведуваше во рамки на проектот „Жените во економијата“, беа поставени две прашања со цел да се измери ставот на жената за тоа како ги оценува нејзините можностите за влез на пазарот на труд во споредба со мажот. Така, 224 или 56% од примерокот одговараа на прашањето „*колку сметате дека на жените им е потешко да најдат работа од мажите?*“, но бидејќи прашањето е наведувачко, останатата половина или 176 или 44% од примерокот одговараа на прашањето „*колку сметате дека на жените им е полесно да најдат работа од мажите?*“ Мнозинството жени кои одговараа на првото прашање (65,7%) сметаат дека на жените им е потешко да најдат работа од мажите, речиси секоја трета (27,2%) смета дека и е еднакво тешко, а само 7,1% не се согласуваат дека на жените им е потешко да најдат работа. Слично, и мнозинството од жените кои одговаа на втората формулација (62,5%)

сметаат дека на жените им е полесно да најдат работа, нешто помал процент (22,7%) смета дека им е еднакво лесно и 14,8% не се согласуваат дека на жените им е полесно да најдат работа. Оттука може да се заклучи дека примерокот е лесно заводлив со различна формулација на прашањата или дека воопшто нема изградено мислење на оваа тема.

| Колку сметате дека на жените им е потешко да најдат работа од мажите? | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу потешко | делумно потешко | малку потешко | еднакво тешко | воопшто не им е потешко |
| **20,1%** | **21,9%** | **23,7%** | **27,2%** | **7,1%** |
| **Колку сметате дека на жените им е полесно да најдат работа од мажите?** | | | | |
| многу полесно | делумно полесно | малку полесно | еднакво лесно | воопшто не им е полесно |
| **4,5%** | **18,8%** | **39,2%** | **22,7%** | **14,8%** |

За да направиме реална анализа ги поставивме сите одговори на еден континуум од многу потешко до многу полесно. При тоа, скоро по една четвртина сметаат дека им е еднакво тешко/лесно на жените да најдат работа (24,9%), една третина (34,8%) сметаат дека на жените им е полесно да најдат работа, а точно 40,25% сметаат дека на жените им е потешко да најдат работа. Значи и покрај заводливоста и неодлучноста, сепак постои некоја тенденција на согласување со ставот дека на мажите им е полесно да најдат работа. Сепак, овие разлики се премали и статистички несигнификантни.

Изненадувачки е дека социо-демографската анализа покажа дека нема разлики во одговорите по овие прашања ниту помеѓу испитаничките со различно образование, ниту меѓу испитаничките со различен статус на пазарот на труд, бројот на деца, различната возраст или етничката припадност. Единствено финансиската состојба и местото за живеење покажаа некои разлики и тоа само на прашањето дали сметате дека на жените им е потешко да најдат работа, па така посиромашните и руралните жени посилно се согласуваат дека на жените им е потешко да најдат работа.

## Жените и работата

### *Мнозинството жени во Тетово сметаат дека жените кои не работат се изолирани од светот*

Четириесет и три проценти од испитаничките (43,6%) од Тетово се согласуваат со изјавата „*жените кои не работат се изолирани од светот*".Тоа е нешто помалку ако се споредат одговорите со оние на ЕУ кои изнесуваат 49%. Уште позначителна разлика има меѓу оние кои не се согласуваат со изјавата: 25% кај нашиот примерок, споредено со 49% во ЕУ. Што се однесува до националната споредба, Тетово заедно Шуто Оризари спаѓа во општините кои во просек помалку се согласуваат со ставот дека жените кои не работат се изолирани од светот.

| Жените кои не работат се изолирани од светот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **22,3%** | **21,3%** | **31,5%** | **16%** | **9%** |

Социо-демографската анализа откри мали, но сепак значајни разлики единствено меѓу испитаничките со различна етничка припадност, финансиска состојба и место на живеење. Најсиромашните, Македонките и жените од руралните средини почесто, односно повеќе се согласуваат  дека жените кои не работат се изолирани од светот. Сите други индикатори беа без влијание врз начинот на одговарање на нашите испитанички.

*Жените од Тетово сметаат дека е неопходно да имаат свои лични примања*

Жените во Тетово се прилично едногласни кога станува збор за нивните лични примања, па дури 85,8% делумно или во потполност се согласуваат со овој став. Ваквите резултати се слични и на ниво на ЕУ каде 81% се согласуваат, наспроти 16% кои не се согласуваат. Процентот на жени од Тетово кои што не се согласуваат е значително помал, само 5% од испитаничките ја избрале оваа опција.

| Жената мора да има свои лични примања | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **64,8%** | **21%** | **9,3%** | **3%** | **2%** |

На национално ниво овие резултати се споредливи со оние од останатите општини. Тие се разликуваат само од општина Карпош, која се издвојува од другите општини со силно согласување со овој став.

Иако скоро сите испитанички тежнеат кон согласување, социо-демографската анализа сепак утврди мали разлики во ставовите меѓу најстарите испитанички (кои најмалку се согласуваат, но сепак во просек се согласуваат) и испитаничките на возраст од 26 до 35 и од 46 до 55 кои најсилно се согласуваат. Мали разлики има и меѓу испитаничките со различно образование, каде интересно оние со завршено основно се согласуваат исто колку оние со завршен факултет: во просек помалку од оние со завршени постдипломски студии. Другите индикатори се покажаа како незначајни.

## Улогата на родот во вработувањето

Имајќи предвид дека скоро сите жени во Тетово сметаат дека треба да имаат свои лични примања, важно е да се разберат перцепциите за улогата на родот во вработувањето. Затоа, следниот дел од извештајот ги презентира одговорите на испитаничките за ставовите кои се однесуваат на податокот дека во просек жените во Македонија се помалку вработени од мажите.

*Мнозинството жени во Тетово сметаат дека не е прифатливо да има помалку вработени жени од мажи и сметаат дека тоа е проблем*

Половина од испитаничките односно 188 жени или 47% беа прашани дали се согласуваат со ставот „*прифатливо е да има помалку вработени жени од вработени мажи*", додека останатите 176 или 44% одговораа на прашањето „*сметам дека е проблем што има помалку вработени жени од вработени мажи*". Интересно е дека на испитаничките им е полесно да не се согласуваат со ставот дека е прифатливо да се помалку вработени од мажите, отколку да се согласуваат со ставот дека фактичката помала вработеност на жените е проблем. Додека 75,9% не прифаќаат помала невработеност, само 55,7% се согласуваат дека тоа е проблем.

| Прифатливо е да има помалку вработени жени од вработени мажи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **9,4%** | **5,8%** | **8,9%** | **21%** | **54,9%** |
| **Сметам дека е проблем што има помалку вработени жени од вработени мажи** | | | | |
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **36,9%** | **18,8%** | **14,2%** | **8,5%** | **21,6%** |

Во споредба со другите општини Тетово е во групата која од една страна помалку ја прифаќа невработеноста кај жените, а од друга помалку смета дека тоа е проблем, меѓутоа овие разлики се мали. Во истражувањето на Евробарометарот на поинаку формулирано прашање (дали е нормално жените да работат помалку од мажите), повеќе од половина (53%) од жените не се согласуваат дека е нормално, меѓутоа дури 44% се согласуваат дека е нормално.

Социо-демограсkата анализа посочува неколку разлики. Така на пример, оние без деца со поголемо несогласување дека е прифатливо да има помалку вработени жени, за помладите жени (од 15 до 35 години) е исто понеприфатливо во споредба со најстарата група (над 56 години), а и оние со постдипломски посогласни дека е неприфатливо од оние со основно.

### *Тетовчанки ја препознаваат дискриминацијата на пазарот на труд, но скоро третина нема став по ова прашање*

И покрај фактот што процентот на вработени жени во Македонија е значително помал од оној на вработени мажи, големи се процентите на оние кои не се согласуваат со ставот дека нема доволен број на работни места за жените (29,1%) и на оние кои немаат став (30,3%). Сепак, со 43,5% најголема е групата која смета дека овој став е точен.

За споредба, иако стапката на вработеност на жените во ЕУ е значително поголема од онаа во Македонија, прашани дали бројот на вработени жени (во нивната држава) е премал, 46% од жените во ЕУ се согласуваат, додека 45% не се согласуваат.

| Нема доволен број на работни места за жените | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **15,3%** | **25,5%** | **30,3%** | **17,8%** | **11,3%** |

Тетовчанки со своите ставови по ова прашања се некаде во средината споредено со останатите општини, позагрижени од испитаничките од Карпош, а помалку загрижени од испитаничките од Шуто Оризари кои најмногу се согласуваат. Овие разлики се сепак од мал ефект f=0,16.

По ова прашање нема разлики по социо-економските фактори, односно независно од возраста, етничката припадност, образованието, статусот на пазарот на труд и финансиската моќ, сите подгрупи исто одговараат на ова прашање.

## Родовата еднаквост на раководните позиции

### *Мнозинството не се согласува дека жените се помалку заинтересирани да бидат на раководни позиции*

Повеќе од половина од жените во Тетово (51%) не се согласуваат со ставот дека „*жените се помалку заинтересирани да бидат на одговорни и раководни функции*“. Само малку повеќе од една петина од Тетовчанките сметаат дека жените не се заинтересирани. Ова сугерира дека жените од Тетово сметаат дека малиот број на жени на раководни позиции неможе да се препише на изборот што го прават жените. Уште посигурни во согласувањето се жените од ЕУ кои со високи 66% не се согласуваат со овој став. Споредено со другите општини, одговорите во

Тетово се слични со останатите и се разликуваат само од Карпош, каде несогласувањето е уште поизразено.

| Жените се помалку заинтересирани да бидат на одговорни и раководни функции | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **8,5%** | **13,5%** | **27%** | **29,5%** | **21,5%** |

Социо-демографската анализа покажа разлики единствено по однос на статусот на пазарот на труд, со тоа што иако во просек и оние што не работат тежнеат кон несогласување, сепак нивните вработени сограѓанки сигнификанто повеќе не се согласуваат. Другите социо-демографски индикатори не покажаа влијание врз начинот на одговарање.

### *Поголема неодлучност кога станува збор за интересот за градење кариера*

Иако кај претходното прашање преовладуваше несогласувањето, кога беа прашани дали сметаат дека жените *се помалку заинтересирани од мажите да се борат за да изградат своја кариера,* Тетовчанките покажаа поголемо колебање. Тука несогласувањето е помало со 37,8% од испитаничките кои целосно или делумно не се согласуваат дека жените се помалку заинтересирани за кариера. Дури една третина (33,3%) од испитаничките нема став по ова прашање, додека повеќе од една четвртина (29%) се согласува. Бројките на согласување се споредливи со оние на ЕУ, каде една третина (33%) се согласува, но значително мнозинство (64%) таму не се согласува со овој став, додека само 3% неможат да се решат наспроти 33,3% од Тетовчанките. Што се однесува до националните споредби, Тетово е општина во која во просек жените се посогласни по овој став од другите општини. Само во Шуто Оризари има поголем процент на испитанички кои се согласуваат со овој став.

| Жените се помалку заинтересирани од мажите да се борат за да изградат кариера | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **9,5%** | **19,5%** | **33,3%** | **24,8%** | **13%** |

Социо-демографската анализа утврди разлики кај скоро сите социо-економски групи. Најсигнификантни разлики има кај поделбата по образование и финансиска моќ, со тоа што пообразованите и побогатите се со поголема тенденција да не се согласуваат со овој став. Помали разлики, но сепак значајни, се јавија во зависност од возраста и бројот на деца, па помладите и оние без деца или со едно дете покажаа поголема тендеција за несогласување. Вработеноста е со помало влијание од другите индикатори, но сепак може да се забележи дека тенденцијата за согласување со ставот дека жените се помалку заинтересирани да се борат да изградат кариера е поголема кај невработените отколку кај оние што работат. Местото на живеење нема влијание врз начинот на кој се одговараше прашањето.

## Влијанието на домашните одговорности на жената

Додека претходните две теми се однесуваа на желбата на жената да се бори за одговорни и раководни позиции, во овој дел од извештајот ќе се осврнеме на нејзините можности да ги оствари истите. Со оглед на тоа дека жените сè уште преземаат поголем дел од домашните одговорности за грижа на децата и постарите, истражувањето се потруди да го измери

влијанието на ваквата поделба на трудот во семејствата врз слободите на жената да бара повисоки работни позиции надвор од приватната сфера.

### *Повеќе од половина од жените сметаат дека домашните задолженија им ја скратуваат слободата*

Повеќе од половина (53,8%) од жените во Тетово се согласуваат со ставот дека „*жените имаат помала слобода поради семејните обврски и грижата за домаќинството*". Повторно се појавува голем бројот на оние без изграден став (27,5%), но вреди да се забележи дека бројот на оние кои не се согласуваат (18,8%) е помал од оној кај ЕУ примерокот (22%). Во Европската унија согласноста е далеку поголема од кај Тетовчанките, па таму дури 76% се согласуваат со овој став, а само 2% немаат мислење за ова прашање.

| Жените имаат помала слобода поради семејните обврски и грижата за домаќинството | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **25,5%** | **28,3%** | **27,5%** | **14,3%** | **4,5%** |

На ниво на општини, Тетовчанки се разликуваат само од Шуто Оризари, општина која силно се согласува со овој став.

Социо-демографската анализа и кај ова прашање покажа големи разлики кај скоро сите индикатори. Очекувано, жените со повеќе деца со поголема тенденција да се согласуваат со овој став. Ако се земе предвид местото на живеење, гледаме дека руралните жени повеќе се согласуваат отколку оние кои живеат во градот. Споредени по финансиска моќ, согласувањето расте пропорционално со финансиските проблеми: оние кои никогаш немаат проблем со плаќање на сметки се помалку согласни по ова прашање од останатите две групи.

По степенот на образование на испитаничките исто така има големи разлики. Тука отскокнуваат оние со основно образование од кои дури 71,3% сметаат дека жената има помала слобода поради домашните обврски. Во зависност од статусот на пазарот на труд, имаме интересни резултати. Најсогласни со 62,6% се невработените, по нив следат вработените и пријавени кај кои секоја втора се согласува, додека од оние кои работат непријавени согласни се само 32,9%. Не е јасно зошто непријавените жени помалку сметаат дека домашните обврски ја намалуваат слободата на жените од нивните вработени но пријавени сограѓанки. Подетална анализа (на пример, на сектори и работни часови) е потребна за да се разјаснат овие разлики.

### *Повеќе од половина жени сметаат дека мажите се оние кои не им даваат можност за унапредување*

Друг аспект кој може да влијае на дисбалансот меѓу мажите и жените на раководни позиции се самите мажи на раководни позиции. Се чини дека жените во Тетово го делат ова мислење бидејќи повеќе од половина (50,8%) се согласуваат дека „*во бизнис секторот доминираат мажи кои немаат доволно доверба во жените*", а секоја четврта Тетовчанка (24%) во потполност се согласува со овој став. Без изграден став повторно загрижувачка третина од жените, додека бројот на оние кои не се согласуваат со овој став е мал со 16,8%.

| Во бизнис секторот доминираат мажи кои немаат доволно доверба во жените | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **24%** | **26,8%** | **32,5%** | **10,5%** | **6,3%** |

Овој став е уште поизразен на ниво на ЕУ, каде скоро три четвртини (74%) се согласуваат, 21% не се согласуваат и само 5% немаат изграден став. Во споредба со другите општини, одговорите на Тетовчанки повторно се разликуваат единствено со одговорите на испитаничките од Шуто Оризари кои се единствена општина која не тежнее кон согласување.

Социо-демографската анализа утврди разлики во зависност од возраста, образованието и местото на живеење на испитаничките. Интересно е дека статусот на пазарот на труд нема влијание врз одговорите: вработените и невработените имаат слични ставови по ова прашање.

Според местото на живеење, руралните жени покажуваат малку поголема тенденција кон согласување со ставот дека мажите на раководни позиции немаат доберба во жените од оние кои живеат во урбана средина. Кај возрасните групи најстарите (56-65) најмногу се согласуваат, по нив оние од 36-45, па 46-55 и на крај слични одговори кај оние од 15-25 и 26-35, од што може да се заклучи дека помладите, т.е. оние на возраст од 15 до 35 покажуваат помала тенденција за согласување.

## Квалификациите на жените

Друг фактор кој е од големо значење и влијае на идното вработување се квалификациите со кои располагаат жените. Затоа, овој дел од извештајот ќе ги презентира ставовите на жените кога станува збор за нивните квалификации и способности.

### *Најголемиот број од Тетовчанките сметаат дека жените поседуваат квалификации за одговорни позиции*

Видовме дека мнозинството жени од Тетово сметаат дека бизнис секторот е доминиран од мажи кои немаат доверба во жените. Дали таа недоверба се должи на недостигот на потребни кавалификации и квалитети кај жените? Тетовчанки не се согласуваат со ова. Дури 81,6% од испитаничките од Тетово не се согласуваат со ставот дека *„жените не ги поседуваат потребните квалитети и квалификации да заземат одговорни позиции“* и сметаат дека тие треба да уживаат исто ниво на доверба како и мажите. Само 8,8% се согласува со овој став, а остантите 9,8% немаат изградено мислење. По ова прашање Тетовчанки посигурни во сопствените способности дури и од жените во ЕУ, каде 71% не се согласуваат дека жените не поседуваат потребни квалитети и квалификации. Вреди да се спомене дека во споредба со другите прашања, тука е многу мал бројот на оние кои немаат изградено став, што дава уште поголемо значење на веќе големиот процент на жени кои не се согласуваа со ставот.

| **Жените не ги поседуваат потребните квалитети и квалификации да заземат одговорни позиции** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **4%** | **4,8%** | **9,8%** | **20,8%** | **60,8%** |

На национално ниво Тетово е општина која посилно не се согласува од другите општини. Единствено во општина Карпош има посилно несогласување по овој став.

Иако во проесек сите групи на испитанички не се согласуваат со претпоставена инфериорност во квалитети наспроти мажите, сепак социо-демографската анализа откри разлики во начинот на одговарање по неколку индикатори и тоа образование, статус на пазар на труд, финансиска моќ и

помала но значајна разлика врз основа на местото на живеење, каде руралните жени се со малку помала сигурност во несогласувањето.

Кај поделбата по образование најсигурни во несогласувањето се оние со постиipломски студии, по што следат испитаничките со средно образование, па оние со завршен факултет и на крај оние со основно образование. Финансиската моќ повторно фактор во одговарањето, па така посиромашните покажуваат малку поблаго несогласување. Сепак, вреди да се повтори дека станува збор за мали разлики и дека во сите групи мнозинството не се согласува со овој став.

Што се однесува до пазарот на труд, и тука имаме разлики кај испитаничките, па така најголема несогласност со скоро 90% имаме кај оние што работат непријавени, по што следат вработените и пријавени со 85,1% и на последно место се невработените каде не се согласуваат 77,4%.

### *Жените уште поубедени дека не се помалку образовани од мажите*

И конкретно, прашани дали е „*нормално жените да бидат помалку образовани во споредба со мажите*" испитаничките уште повеќе не се согласуваат (82,6%) отколку кај претходното прашање, а неодлучноста е помала со 6,5%. Споредено со другите општини, Тетово (заедно со Струмица) е во групата која иако во просек силно не се согласува со овој став, сепак тоа го прави поумерено од другите две општини (Карпош и Шуто Оризари).

| Нормално е жените да бидат помалку образовани во споредба со мажите | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **6,8%** | **4,3%** | **6,5%** | **16,3%** | **66,3%** |

Социо-демографската анализа не покажа разлики во одговорите на ова прашање, односно сите жени одговараат исто независно од социо-демографските фактори.

## Балансирање меѓу работата, приватниот и семејниот живот

Кога ги анализиравме причините за тоа зошто жените не се доволно застапени на одговорни позиции во економијата и зошто стапката на неактивност е висока, утврдивме дека жените во Тетово веруваат дека имаат поголеми ограничувања поради нивните семејни/домашни обврски.

За да се обидеме да го разбереме ова, ги разгледавме различните аспекти на тешкотијата да се балансира меѓу работата, приватниот и семејниот живот.

### *Тетовчанки поделени по прашањето дали и се исплати на жената да работи доколку има деца и постари членови за кои треба некој да се грижи*

Прашани дали на жената не и се исплати да работи доколку во семејството има деца или постари членови за кои некој треба да се грижи, Тетовчанки се еднакво поделени во одговорите. Така, 33,8% не се согласуваат со овој став, 33,8% се неодлучни и 32,4% се согласуваат. Ваквите одговори на Тетовчанки ги сместуваат во средината споредени со останатите општини, односно тие се наоѓаат помеѓу жените од Карпош и Струмица од една страна, кои тежнеат да не се согласуваат, и жените од Шуто Оризари, кои тежнеат кон согласување.

| Доколку во семејството има деца или постари членови за кои треба некој да се грижи, не се исплати мајката да работи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **се согласувам** | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **10%** | **22,5%** | **33,8%** | **19,8%** | **14%** |

Социо-демографската анализа покажа разлики само меѓу испитаничките со различен степен на образование, па така оние со завршен факултет и постдипломски студии тежнеат кон несогласување, додека оние со завршено основно и средно образование се движат по средината со незначајна тенденција кон согласување. Интересно е дека бројот на деца не влијае на одговорите и не постојат значајни разлики меѓу оние без деца и оние со над четири деца.

## *Тетовчанки согласни дека родителите треба првенствено да се грижат за своите деца, а потоа за својата кариера, но одлучноста поголема кога станува збор за мајката*

Следното прашање го разгледува балансот меѓу кариерата и родителството во зависност од полот на родителот. Цели три четвртини (75%) од испитаничките од Тетово сметаат дека „*секоја мајка треба да ја стави грижата за своите дека пред својата кариера*“. Ако прашањето гласи „*секој татко треба да ја стави грижата за своите дека пред својата кариера*“, имаме значителна разлика во одговорите. Иако мнозинството се согласува со овој став, сепак со 48,9% согласноста тука е значително помала. Бројот на оние кои не се согласуваат со овие ставови е скоро идентичен: 11,1% за мајките, 11,2% за татковците, а огромна неодлучност постои за ставот „*секој татко треба да ја стави грижата за своите деца пред својата кариера*“, па тука дури 40,9% одговориле дека ниту се согласуваат, ниту не се согласуваат. За споредба, неодлучни кај прашањето за мајката се само 13,8% од испитаничките.

Интересно е дека социо-демографската анализа утврди дека додека не постојат разлики во одговорите по ни еден индикатор кога е во прашање таткото, кога станува збор за мајката разлики постојат ако се земат предвид образованието, финансиската моќ и статусот на пазарот на труд. Интересно е дека поголема согласност покажуваат оние со основно образование и постдипломски студии од оние со средно и факултет.

Што се однесува до пазарот на труд, тука најсогласни се невработените, по што следат пријавените вработени, а последни се непријавените вработени. Кај финансиската моќ гледаме дека согласноста расте врз основа на тоа колку често имаат проблем со плаќање сметки, со тоа што согласноста е најниска кај оние што никогаш немаат проблем со плаќање сметки.

| Секоја мајка треба да ја стави грижата за своите деца пред својата кариера | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **41,5%** | **33,5%** | **13,8%** | **4,9%** | **6,3%** |
| **Секој татко треба да ја стави грижата за своите деца пред својата кариера** | | | | |
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **19,9%** | **29%** | **40,9%** | **2,8%** | **7,4%** |

## *Жените од Тетово едногласни дека мажите кои не работат треба да се грижат за децата и домаќинството*

Во продолжение на прашањата за балансот меѓу кариерата и родителството ги разгледавме и улогите кои мажите можат да ги имаат во надминување на потенцијалните конфликти меѓу

семејниот живот и работата. Затоа, следното прашање го тестира ставот на жените по прашањето дали „*мажите кои не работат треба да се грижат за децата и домаќинството*“. Мнозинството од жените во Тетово се согласуваат со овој став (76,8% од испитаничките), над половина (54,3%) во потполност, само 8% не се согласуваат, а 15,3% немаат изградено став по ова прашање. За споредба, на малку порадикално прашање поставено во евробарометарот, Европјанките со 48% согласни дека мажите треба да дадат отказ и да се грижат за децата доколку заработуваат помалку од жената.

| Мажите кои не работат треба да се грижат за децата и домаќинството | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **54,3%** | **22,5%** | **15,3%** | **5%** | **3%** |

Иако согласноста преовладува и во поделбата по социо-демографските фактори, сепак забележавме разлики кај одредени групи. Така, пообразованите повеќе се согласуваат со овој став. Согласувањето е поголемо и кај оние што работат (пријавени и непријавени) во споредба со испитаничките што не работат. Испитаничките со четири или повеќе деца покажуваат помала согласност од оние со помалку деца. Конечно, жените од урбаните средини се посогласни со ова прашање од жените кои живеат во руралните средини.

### *Повеќето жени сметаат дека не е нормално мажите помалку да учествуваат во домашните обврски, само една петина смета дека е тоа нормално*

Еднаквоста на жените не само на работа, туку и во семејството е од суштинско значење за постигнување на балансот меѓу работата и семејниот односно, приватниот живот. Затоа следното прашање ги мереше мислењата на жените околу тоа дали е „*нормално мажите помалку да учествуваат во домашните обврски*“. Истражувањето во Тетово покажа голема несогласност кај жените по овој став, со тоа што дури 62,8% не се согласуваат, а само една петина (20,6%) се согласува. Бројот на неодлучни по овој став е помал (16,8%) во споредба со другите прашања од прашалникот, што само додава на сигурноста со која Тетовчанки не се согласуваат на оваа тема. Ако ги споредиме резултатите со другите општини, ќе видиме дека Тетово тежнее кон несогласување исто како и Карпош, споредено со Струмица и Шуто Оризари кои тежнеат кон средината (со тоа што Струмица тежнее од средината кон несогласување, а Шуто Оризари од средината кон согласување). Разликите меѓу одговорите во различните општини се од среден ефект f=0,31.

Интересно е да се забележи дека Европската унија е уште поразединета по ова прашање. Таму иако 50% не сметаат дека е нормално, дури 48% сметаат дека помалата ангажираност на мажите во семејните обрски е многу нормална, а само 2% немаат став.

Социо-демографската анализа утврди разлики само помеѓу одговорите на испитаничките со различно образование, па така најголемо несогласување имаме кај жените со завршени постиплomски студии, по што следат оние со средно образование и завршен факултет, а несогласноста е најмала кај оние со основно образование.

| Нормално е мажите помалку да учествуваат во домашните обврски | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **10,8%** | **9,8%** | **16,8%** | **18,5%** | **44,3%** |

## Мерки за зголемување на вработеноста на жените

### *Дневни институции за грижа на деца и постари лица најприоритетни*

Овој дел од прашалникот имаше за цел да одговори на прашањето на која мерка за зголемување на бројот на вработени жени треба да и се даде приоритет, со тоа што беа дадени неколку опции од кои требаше да се избере само една. Дополнително на формулираните мерки, прашањето даваше можност жените сами да предложат мерка, или пак да изберат дека воопшто нема потреба да се зголеми бројот на вработени жени. На ова прашање најголем број Тетовчанки одговориле дека зголемувањето на бројот на градинки и пензионерски центри треба да биде приоритетна мерка, по што следи унапредување на пристапот на жените во сектори во кои не се застапени. Анализата на социо-екомските фактори не покажа разлики во одговорите меѓу различните подгрупи.

Еден интересен аспект на изборот на жените од Тетово (и воопшто од Македонија) е тоа што најзанемарена мерка е намалувањето на разликите во платите на мажите и жените за исти работни места и исти квалификации. За разлика од ЕУ каде разликите во плати за исти позиции меѓу мажите и жените е актуелна тема и приоритетна мерка во истражувањето на Евробарометарот, во Македонија овие разлики ниту се истражувани, ниту се дискутирани. Поради недостигот на информации, жените воопшто не се сензитивизирани на оваа тема, па затоа не е ни чудно што незначаен дел од жените (околу 5,5%) ја бираа оваа мерка како приоритетна.

| Мерки за зголемување на бројот на вработени жени | | |
|---|---|---|
| **1** | **Зголемување на бројот на градинки и пензионерски центри, како и други слични институции за грижа на деца и стари** | **29,5%** |
| **2** | Унапредување на пристапот на жените до сектори во кои не се застапени | **24%** |
| **3** | Воведување на флексибилни работни саати | **21,8%** |
| **4** | Подобрување на пристапот на жените до подобро платени работни места | **16,3%** |
| **5** | Намалување на разликите во плати со мажите за исти работни места и исти квалификации | **5,5%** |
| **6** | Не е приоритетно да се зголеми бројот на вработени жени | **2,3%** |
| **7** | Друго | **0,8%** |

## Родовата еднаквост во иднина

### *Перцепцијата за перспективите за родовата еднаквост*

Последната група на прашања имаше за цел да ги испита очекувањата на жените за иднината, т.е. нивните ставови за тоа колку состојбата на жената ќе се подобри за 20 години. Беа поставени пет прашања, од кои четири се однесуваа на јавната сфера (еднакви примања, застапеност на раководни позиции, застапеност во централна и локална власт, жена премиер или претседател), а едно на приватната сфера (учеството на мажите во домашните обврски). За разлика од ЕУ

примерокот, каде скептичноста е најголема во однос на постигнувањето на еднакви примања до 2030, во Тетово оптимизмот највисок токму кај ова прашање.

### *Оптимизмот најголем кога станува збор за еднакви плати во иднина*

Во групата прашања кои се однесуваа на иднината на родовата еднаквост, жените од Тетово покажаа најголем оптимизам за постигнување на еднакви примања со високи 77,5% кои сметаат дека е веројатно до 2030 жените да заработуваат еднакво со мажите. Бројот на оние кои сметаат дека тоа нема да се случи е само 7,8%, во споредба со жените од ЕУ кај кои процентот на скептичност е дури 41%. Ова повторно не доведува до проблемот дискутиран кај мерките за зголемување на вработеноста кај жените. Дали ова треба да се толкува како оптимизам или пак, што е поверојатно, како ниско ниво на свест за разликите во платите меѓу мажите и жените е отворено прашање.

| Во 2030 мажите и жените ќе заработуваат еднакво | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **54%** | **23,5%** | **14,8%** | **4,3%** | **3,5%** |

Во споредба со другите општини Тетовчанки се убедливо најоптимистични по ова прашање.

Што се однесува до местото на живеење, испитаничките кои што живеат во урбани и рурални средини се разликуваат со тоа што оптимизмот е поголем кај испитаничките што живеат во град (82,5%) отколку кај руралните жени, кај кои иако преовладува оптимизам, сепак процентот е значително помал со 68,6%. Исто така разлики најдовме и по однос на статусот на пазар на труд и финансиската моќ. Најсиромашните се најскептични во таа категорија. Според вработеноста, најголем оптимизам има кај непријавените вработени, по што следат вработените. Оптимизмот по ова прашање е најмал кај вработените.

### *Скоро три четвртини очекуваат поголема застапеност на жените во централната и локалната власт*

Слично како и кај еднаквите примања, и тука примерокот е оптимистички настроен. Скоро три четвртини од жените (73,3%) сметаат дека ќе се зголеми учеството на жените во централната и локалната власт. Бројот на оние кои не се согласуваат е ист како и кај претходното прашање со ниски 7,8%.

| Во 2030 жените ќе бидат позастапени во централната и локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **20,5%** | **52,8%** | **19%** | **3,8%** | **4%** |

Социо-демографската анализа не покажа значителни разлики кај ниту еден од индикаторите, а во споредба со останатите општини испитаничките од Тетово заедно со Шуто Оризари се во средината: пооптимистични од Струмица, а попесимистични од Карпош.

### *Оптимозмот драстично опаѓа за можна премиерка или претседателка на држава*

Тетовчанките за ова прашање покажаа најголема скептичност, споредено со другите прашања од оваа група. Интересно е дека и покрај тоа што значајно мнозинство очекува поголема застапеност на жените во централната и локална власт, сепак помалку од половина од

испитаничките сметаат дека е веројатно да имаме жена премиер или претседател до 2030, додека високи 29,1% сметаат дека тоа нема да се случи.

| Во 2030 ќе имаме жена премиер или претседател | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **15,5%** | **27,3%** | **28,3%** | **15,8%** | **13,3%** |

По ова прашање испитаничките не се разликуваат ниту по образование, статус на пазар на труд, финансиска состојба или возраст, но се разликуваат по местото на живеење. Иако и двете групи се движат по средината по ова прашање, сепак оние од урбаните средини покажуваат тенденција на верување дека ќе имаме премиерка или претседателка, додека оние од руралните средини со тенденција да не веруваат дека до ваква промена ќе дојде.

Што се однесува до споредбата со останатите општини, Тетово покажува најголема скептичност за веројатноста да имаме жена премиер или претседател.

*Мнозинството очекува зголемен број на жени на раководни позиции во 2030*

И по ова прашање оптимизмот не е толку силен како кај другите прашања, но сепак со 59,3% преовладуваат оние кои веруваат дека е поверојатно да се зголеми бројот на жени на раководни позиции од оние кои не веруваат во тоа. Со тоа Тетовчанки покажуваат поголема скептичност во споредба со националниот примерок и останатите општини, каде што со 67,2% имаме најголем оптимизам по ова прашање. Кај ова прашање социо-демографските индикатори не влијаат врз одговорите на испитаничките.

| Во 2030 ќе се зголеми бројот на жени на раководни позиции | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **19,5%** | **39,8%** | **27,5%** | **8,5%** | **4,8%** |

*За разлика од другите општини, голем оптимизам за промени во приватната сфера*

По ова прашање имаме најнизок процент на неодлучни (14,8%), и релативно низок број на скептици (11,5%). Со тоа, на прашањето *дали до 2030 мажите повеќе ќе учествуваат во домашните обврски*, Тетовчанките покажуваат голем оптимизам и скоро три четвртини (73,8%) од жените сметаат дека е веројатно да дојде до таква промена. Ова е многу интересен наод ако земеме предвид дека кај националниот примерок по ова прашање имавме најголема скептичност.

| Во 2030 мажите повеќе ќе учествуваат во домашните активности | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **47,3%** | **26,5%** | **14,8%** | **6,5%** | **5%** |

Ако се земат предвид социо-економските фактори, разлики постојат по однос на местото на живеење и статусот на пазарот на труд. Дополнително, има разлики и во зависност од тоа колку деца имаат, но овие разлики се практично незначајни, со тоа што оптимизмот е на најниско ниво кај оние со четири или повеќе деца.

По ова прашање граѓанките се повторно пооптимисти од испитаничките од руралните средини. Што се однесува до статусот на пазарот на труд, оптимизмот е најголем кај непријавените вработени, со што се разликуваат од пријавените и од невработените.